**ДП 375/13**

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РМ (подолу како ДК при КИРМ) во состав од Снежана Фитеска извршител, како Претседател на Дисциплинска комисија и Саветка Георгиева извршител, како член-известител на Дисциплинска Комисија, Претседател на Основен суд Скопје 1 Скопје судија Владимир Панчевски, судија Сандра Крстиќ Основен суд Скопје 1 Скопје и Нуман Лимани од Министерство за правда, како членови на Дисциплинска Комисија и секретар на Дисциплинска комисија Билјана Николовска како записничар, постапувајќи по Предлогот за поведување на дисциплинска постапка УПП бр. 09-2465/7 од 17.07.2013 година на Министерот за правда, во присуство на обвинетиот извршител Ц.Т. лично, по одржан претрес, на ден 29.11.2013 година го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

СЕ ОГЛАСУВА ЗА ВИНОВЕН извршителот Ц. Т. именувана за подрачјето на Основниот суд Т. со адреса на ул. И. од Т.

ЗАТОА ШТО:

Извршителот Ц. Т. од Т. по именувањето на нејзиниот заменик на ден 06.12.2010 година, не му издала овластување на заменикот да располага со редовната и посебната сметка, односно овластувањето го издала на денот кога е вршен надзорот 09.07.2013 година, со што постапила спротивно на член 48 став 6 од Законот за извршување (“Службен весник на Република Македонија” бр.35/05, 50/06, 129/06 , 8/08, 83/09, 50/10, 83/10, 88/10, 171/10 и 148/11), со кој е пропишано дека извршителот е должен, истовремено со именувањето на неговиот заменик извршител, да му издаде овластување на заменикот да располага со редовната и посебната сметка, со цел да овозможи редовно функционирање на работата во неговата канцеларија во случај кога тој е спречен. Со Решение на Министерот за правда бр.09-498/33 од 06.12.2010 година извршителот К. Т. од В. е именуван за заменик на извршителот Ц. Т.

со кои дејствија извршителот Ц. Т. од Т. сторила дисциплинска постапка од чл.54 – г став 1 алинеја 17 “не му издава овластување на заменик извршителот за располагање со неговата редовна и посебна сметка “ од Законот за извршување.

па со примена на правилата на казненото право член 40 и член 41 од КЗ за вонредно ублажување на казната и врз основа на чл.54-в став 1. од Законот за извршување му се изрекува дисиплинска мерка

**ЈАВНА ОПОМЕНА**

Дисциплинската мерка да се стави на огласна табла во седиштето на Комората, 60 дена од денот на изрекување.

*Образложение*

Предлогот за поведување на дициплинската постапка УПП.бр.09-2465/7 од 17.07.2013 против извршителот Ц. Т. од Т. е поднесен од страна на Министерството за правда на РМ врз основа на Извештај за редовен надзор врз работата на извршителот бр. 09-2465/3 од 15.07.2013 година спроведен од страна на овластени лица од Министерството за правда на ден 09.07.2013 година.

Предлогот е со наводи дека извршителот Ц. Т.од Т. по именувањето на нејзиниот заменик на ден 06.12.2010 година, не му издала овластување на заменикот да располага со редовната и посебната сметка, односно овластувањето го издала на денот кога е вршен надзорот 09.07.2013 година, со што постапила спротивно на член 48 став 6 од Законот за извршување (“Службен весник на Република Македонија” бр.35/05, 50/06, 129/06 , 8/08, 83/09, 50/10, 83/10, 88/10, 171/10 и 148/11), со кој е пропишано дека извршителот е должен, истовремено со именувањето на неговиот заменик извршител, да му издаде овластување на заменикот да располага со редовната и посебната сметка, со цел да овозможи редовно функционирање на работата во неговата канцеларија во случај кога тој е спречен. Со Решение на

Министерот за правда бр.09-498/33 од 06.12.2010 година извршителот К. Т. од В. е именуван за заменик на извршителот Ц. Т. Подносителот смета дека ваквото постапување на извршителот е спротивно на чл.48 ст. 6 од ЗИ.

Министерот за правда сметајќи дека извршителот сторил дисциплинска повреда по чл.54 – г став 1 алинеја 17 "не му издава овластување на заменик извршителот за располагање со неговата редовна и посебна сметка " од Законот за извршување па предлага Дисциплинската Комисија при КИРМ да поведе дисциплинска постапка за утврдување на дисциплинска одговорност на извршител Ц. Т. од Т. да му изрече соодветна санкција согласно одредбите од ЗИ.

Извршителот во своја одбрана во писмен одговор и на главен претрес од ден 29.11.2013 година наведе дека смета дека нема сторено дисциплинска повреда, бидејќи овластувањето за располагање со двете трансакциски сметки на денот на извршениот надзор истата на својот заменик извршител К. Т. му дала овластување за располагање со посебната и редовната сметка.Извршителот наведе дека според дисциплинската повреда која и се става на товар нема временски термин ниту пак рок или услов кога треба да се даде овластување на заменикот извршител за располагање со посебната и редовната сметка на извршителот. Извршителот понатаму наведе дека такво прецизирање немало а притоа знаејќи дека мора да се почитува самата законска одредба, откако се најавиле претставници од Министерството за правда на РМ дека ќе вршат редовен надзор над работењето на извршителот, веднаш со заменикот извршителот К. Т.направиле овластување за располагање на сметките. Воедно извршителот потенцираше дека во законската одреба изрично стои ако " не му се издава овластување" а извршителот овластувањето за располагање со редовната и посебната сметка му го издала на својот заменик извршител на денот на вршење на надзорот од страна на претставниците на Министерството за правда, согласно што извршителот ја имал целосната документација врз основа на закон. На главен претрес, извршителот дополни дека согласно зголемениот обем на работа сепак успеал да ги заврши своите задачи и дека на ден на извршен надзор веќе имал дадено овластување на заменикот.

Дисциплинската комисија на КИРМ на претрес на ден 29.11.2013 година, ги дозволи и изведе предложените докази, со читање на:

- Извештај УПП.бр. 09-09-2465/3 од 15.07.2013 година на Министерство за правда

- Пријава на овластени лица за располагање со средства на трансакциска сметка на правно лице од ден 09.07.2013 година со број 004-804 од ______ Банка ;

- Пријава на овластени лица за располагање со средства на трансакциска сметка на правно лице од ден 09.07.2013 година со број 004-805 од ______ Банка

- Решение бр. 09-4535/2 од 06.12.2010 за именување заменик на извршител на Мин. за правда

Дисциплинската комисија на КИРМ, ценејќи ги сите докази одделно и во целост, заедно со наводите изнесени во Предлогот на Министерот за правда и одбраната на извршителот, врз основа на слободно убедување, ја утврди следната фактичка положба:

На ден 06.12.2010 година со Решение на Министерот за правда бр. 09-498/33 извршителот К. Т. од В. е именуван за заменик на извршителот Ц. Т. која пак на ден 09.07.2013 година видно од Пријава на овластени лица за располагање со средства на трансакциска сметка на правно лице поднесени во ____ Банка истата го овластила нејзиниот заменик да располага со редовната и посебната сметка.

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РМ одлучувајќи по повод основаноста на предлогот за дисциплинска постапка, утврди дека извршителот Ц. Т. од Т. сторил дисциплинска повреда по чл. чл.54 – г став 1 алинеја 17 "не му издава овластување на заменик извршителот за располагање со неговата редовна и посебна сметка " од Законот за извршување на начин што извршителот по именувањето на нејзиниот заменик на ден 06.12.2010 година, не му издала овластување на заменикот К. Т. од В. да располага со редовната и посебната сметка, односно овластувањето го издала на денот кога е вршен надзорот 09.07.2013 година, што е спротивно на член 48 став 6 од Законот за извршување ("Службен весник на Република Македонија" бр.35/05, 50/06, 129/06 , 8/08, 83/09, 50/10, 83/10, 88/10, 171/10 и 148/11) со кој е пропишано дека извршителот е должен, истовремено со именувањето на неговиот заменик

извршител, да му издаде овластување на заменикот да располага со редовната и посебната сметка, со цел да овозможи редовно функционирање на работата во неговата канцеларија во случај кога тој е спречен. Постапувајќи на ваков начин извршителот Ц. Т. ја сторила повредата која и се става на товар бидејќи од 06.12.2010 година која е именуван К. Т. од В. за нејзин заменик па се до 09.07.2013 година не му издала овластување за располагање со нејзините сметки.

Комисијата ја ценеше одбраната на извршителот а особено околноста дека на денот на извршениот надзор од страна на претставници на Министерството за правда извршителот имал дадено овластување за располагање со посебната и редовната сметка на неговиот заменик извршител К. Т. но истото не влијаеше за поинакво одлучување од страна на Дисциплинската Комисија, од причина што во целиот претходно наведен период истата постапила спротивно на член 48 ст.6 од ЗИ со кој е утврдено дека извршителот е должен истовремено со именувањето на неговиот заменик да му издаде овластување на заменикот да располага со редовната и посебната сметка на извршителот.

Дисциплинската комисија го ценеше фактот дека на денот на извршениот надзор 09.07.2013 година извршителката му издала овластување на нејзинот заменик и истото го ценеше како олеснителна околност при определувањето на видот и висината на дисциплинската санкција. При тоа Дисциплинската комисија ги ценеше сите олеснителни и отежнителни околности, како олеснителна околност фактот дека на денот на надзорот веќе имала издадено овластување а како отежнителна околност фактот што поголем период од повеќе од две години канцеларијата на извршителот функционирала без да се даде овластување на нејзиниот заменик што во случај на спреченост на извршителот можело да дојде до нарушување на редовното фунционирање на работата на нејзината канцеларија а која е и целта на законодавецот кога предвидел издавање на овластување за заменикот на извршителот.

Дисциплинската комисија при определување на видот и висината на дисциплинскта санкција ги ценеше сите олеснителни и отежнителни околности па во склоп на истите му ја одмери казната и со примена на правилата на казненото право чл.40 и чл.41 од КЗ за вонредно ублажување на казната изрече дисциплинска мерка јавна опомена. Дисциплинската комисија смета дека со ваквата казна ќе се постигнат целите на генералната и специјалната превенција.

Од наведените причини, Дисциплинската Комисија при КИРМ на ден 29.11.2013 година согласно чл. 59, чл. 59-б став 1,2 и 3 и чл. 59-в став 1 алинеа 2 од Законот за извршување (Сл. Весник на Р. Македонија бр.35/05, од 18.05.2005 год. 50/06, 129/06, 8/08, 83/09 50/10, 83/10, 88/10, 171/10 и 148/2011) одлучи како во изреката на ова решение.

**Претседател на Дисциплинска Комисија,**
Снежана Фитеска

**Правна поука** : против оваа одлука извршителот има право на правна заштита со поведување на управен спор пред Управен суд на РМ во рок од 30 дена по приемот на одлуката

**Дн:** Министерство за правда
Извршител Ц. Т.
Архива